Петта година
44 број
Anul 5, Numărul 44

25 Март 2005
25 Martie 2005

# MACEDONEANUL
# МАКЕДОНЕЦОТ

*Asociația Macedonenilor din România*
*Друштвото на Македонците од Романија*



## МАКЕДОНЦИТЕ ОД РОМАНИЈА ЈА ПОСЕТИЈА ЗЕМЈАТА НА СВОИТЕ ПРЕДЦИ

На почетокот на месец февруари 2005, во седиштето на Друштвото на Македонците од Романија пристигна една покана за Госпогицата претеник Лиана Думитреску од страна на Културниот Центар "Скрб и утеха" од Скопје, преку која беше замолена да учествува заедно со два други члена на друштвото на културните манифестации посветени на фестивалот "Дионисови чествувања '2005".

Одговорајки позитивно на поканата, во периодот од 22 – 27 февруари 2005 делегација на Друштвото на Македонците од Романија предводена од госпогицата пратеник Лиана Думитреску ја посети Република Македонија и учествуваше на културните манифестации посветени на фестивалот "Дионисови чествувања '2005"

Беше една, особена можност за членовите на Друштвото на Македонците од Романија да ги видат бреговите од каде што заминале нивните предци за да запоседнат во Романија пред стотици години и да се сретнат со македонците дојдени од сите страни на светот.

Лаура Рогобете.

***Во продолжение ви претставуваме интервиуто дадено од страна на Лиана Думитреску, потпретседател на ДМР и пратеника на македонците од Романија, весником "Утрински Весник" – по повод посетата на Република Македонија во периодот 21 – 27 февруари 2005.***

## Македонците од Романија трагаат по своите корени

Потомците на македонските печалбари заминати во Влашко пред неколку века го препознаваат сопствениот идентитет. Македонците во Романија имаат свој пратеник во романското собрание, а како малцинство официјално се признати во 2000 година

Македонското малцинство во Романија ги има сите права што ги уживаат малцинствата во оваа држава. Во Уставот официјално е признато во 2000 година, заедно со уште 18 други малцинства и околу 80 етнички групи. Тие имаат и свој претставник во романското собрание. Лиана Думитреску, потпретседател на Друштвото, неколку години како пратеник во парламентот се бори за остварување на правата на Македонците.

Уставот на Романија им дава право на сите малцинства да имаат по еден претставник во парламентот, без разлика колкав е нивниот број. Бидејќи и ние сме признати како малцинство, се стекнавме со тоа право. На последниот попис како Македонци се декларираа околу 700 Македонци, но тој број не е конечен. Нив ги има многу повеќе. Според нашите согледувања, сметаме дека во Романија има најмалку 15.000 Македонци кои потекнуваат од македонските простори, вели Думитреску.

Друштвото на Македонците е формирано во 2000 година. Од тој момент почна да се буди македонството кај сите оние чии предци пред неколку векови како печалбари стасале во Романија. Сега Друштвото има околу 1.400 члена, што е речиси двојно повеќе од бројот на декларираните Македонци за време на пописот.

- Од ден на ден кај многумина се буди чувството за своите корени, така што секојдневно бројот на тие што се определуваат како Македонци е сѝ поголем. Следниот попис се надеваме дека ќе бидеме четири до пет пати помногубројни, зашто пописот е нешто повеќе од зачленување во друштво. Власта треба да си ја преземе одговорноста затоа што е многу сериозна и многу е битно декларирањето на етничкиот идентитет на граѓаните. Меѓутоа, на Македонците во Романија, кои биле многу разочарани од сопствената судбина и кои поминале низ најзралични владеења, сега им е многу тешко да ја преземат врз себе одговорноста за сопствениот идентитет и да се препознаат. Досега нашата работа како друштво е многу успешна и многу битна. Работиме секојдневно на

## MACEDONENII DIN ROMÂNIA AU VIZITAT ŢARA STRĂMOŞILOR LOR

La începutul lunii februarie 2005, la sediul Asociaţiei Macedonenilor din România a sosit o invitaţie pentru Liana Dumitrescu, deputat al AMR, din partea Centrului Cultural “Skrb i Uteha” din Skopje, prin care aceasta era rugată să participe împreună cu alţi doi membri ai organizaţiei la manifestările culturale prilejuite de festivalul “Dionisovi Cestvuvania - 2005”.

Răspunzând pozitiv invitaţiei, în perioada 22-27 februarie 2005 o delegaţie a Asociaţiei Macedonenilor din România condusă de către Liana Dumitrescu a vizitat Republica Macedonia şi a participat la manifestările culturale prilejuite de festivalul “Dionisovi Cestvuvania - 2005”.

A fost un prilej deosebit pentru membrii Asociaţiei Macedonenilor din România de a vedea meleagurile de pe care au plecat strămoşii lor cu sute de ani în urmă, pentru a se stabili în România, şi de a se întâlni cu macedoneni veniţi din toate colţurile lumii.

Laura Rogobete

***Vă prezentăm în continuare interviul acordat de Liana Dumitrescu, vicepreşedinte AMR şi deputat al macedonenilor din România, ziarului “Utrinski Vesnik - Curierul de dimineaţă” - cu ocazia vizitei în Republica Macedonia în perioada 22-27 februarie 2005.***

## Macedonenii din România îşi caută rădăcinile

Urmaşii macedonenilor care au plecat să muncească în Valahia acum câteva veacuri îşi recunosc propria identitate. Macedonenii din România au un deputat în Parlamentul României, iar ca minoritate sunt recunoscuţi oficial din anul 2000.

Minoritatea macedonenilor din România are toate drepturile de care se bucură minorităţile în această ţară. Conform Constituţiei României ea este recunoscută oficial din anul 2000, împreună cu alte 18 minorităţi şi aproximativ 80 de grupuri etnice. Acestea au reprezentantul lor în Parlamentul României, Liana Dumitrescu, vicepreşedintele Asociaţiei Macedonenilor din România, ca deputat în parlamentul românec se luptă pentru îndeplinirea drepturilor macedonenilor din această ţară.

“Constituţia României acordă dreptul tuturor minorităţilor să aibă un repezentant în parlament, indiferent de cât de mare este minoritatea respectivă. Întrucât şi noi suntem recunoscuţi ca minoritate, am câştigat acest drept. La ultimul recensământ s-au declarat aproape 700 de macedoneni, dar acest număr nu este definitiv. Macedoneni în România sunt mult mai mulţi. Conform observaţilor noastre, considerăm că în România există cel puţin 15.000 de macedoneni proveniţi din teritoriile macedonene”, spune Liana Dumitrescu.

Asociaţia Macedonenilor din România s-a format în anul 2000. Din acel moment începe să se trezească macedonismul (sentimentul macedonean) la toţi aceia ai căror înaintaşi acum câteva secole au venit în România pentru a munci. În acest moment Asociaţia Macedonenilor din România are în jur de 1.400 de membrii, ceea ce este aproximativ mai mult decât dublul numărului de macedoneni declaraţi la recensământ.

Din zi în zi, la mai mulţi etnici macedoneni se dezvoltă un sentiment pentru rădăcinile lor, astfel încât în fiecare zi numărul acelora care se definesc ca macedoneni e din ce în ce mai mare. Sperăm ca la recensământul viitor numărul celor declaraţi să fie de patru cinci ori mai mare, pentru că declararea la recensământ este mai importantă decât înscrierea în rândurile asociaţiei. Conducerea ţării trebuie să-şi asume responsabilitatea pentru că declararea identităţii etnice a cetăţenilor este un lucru foarte serios şi important. Dealtfel, pentru etnicii macedoneni din România, care au fost foarte dezamăgiţi de propria soartă şi care au trecut prin diferite conduceri ale ţării, acum le este foarte greu să ia asupra lor responsabilitatea propriei identităţi şi să se declare ca atare. Până acum activitatea noastră ca asociaţie este încununată de succes şi foarte importantă. În fiecare zi lucrăm ca

тоа да им објасниме на луѓето за тоа што се навистина тиееи, вели Лиана Думитреску.

Нејзините предци потекуваат од Охридско, но таа не знае точно од кое место. Романското име Лиана вели дека е аналогно на македонското име Билјана. Презимето је романска транскрипција и произлегува од името на еден нејзин предок. Кога прадедото Димитар дошол во Романија немал презиме, а Думитреску всушност значело синот на Димитар. Тоа била терминологија што ја користела властите во Влашко, како што тогаш ја викале Романија, кога ги заведувале новодојдените Македонци. А македонските печалбари во Влашко најмасовно заминувале во почетокот на 1800 година, меѓутоа има Македонци кои оваа држава ја откриле многу порано. Според Лиана Думитреску, постојат документи дека тие во Влашко доаѓале уште во 14 век. Еден таков документ од околу 1320 година, кој се наоѓа во архивите во Ватикан, најдобро го потврдува тоа. Во Романија и ден денес постоело и село со име Македонија, кое го основале Македонци.

Думитреску вели дека повеќето Македонци потекнуваат токму од тие старите печалбарски семејства, но дека има и бегалци од Егејска Македонија дојдени по Втората светска војна. Но, сите тие не биле вклучени во широката акција за осознавање на својот македонски идентитет. „Тие луѓе поминаа низ многу војни, многу владееења, комунистички затвори, и сега велат дека се Романци и дека нема потреба да спомнуваат што биле некогаш. Тоа е еден вид заштита на овие луѓе во однос на сопствениот животот. Тие сѐ уште го чувствуваат стравот од комунистичкиот режимми, нагласува Думитреску.

Таа раскажува дека македонските печалбари, главно, доаѓале на југот на Романија и се групирале во селата, но за време на комунизмот биле раселени низ целата држава. Политиката на комунистите била да ги растурат селата за да може да се формираат моќни комерцијални градови. Како и другите граѓани, и Македонците ги напуштиле руралните средини и заминале во индустријализираните центри. Таа смета дека тоа е главната причина што се загубил и македонскиот јазик. „Пред тоа во семејствата се зборуваше само македонски, но по преселбите на македонските семејства во градовите, каде што биле расфрлани во повеќе села, нивните деца не учеа никаков друг јазик освен романскиот. Јазикот најмногу е загубен меѓу 70-ите и 80-ите години на минатиот векки, вели оваа млада Македонка, која неодамна присуствуваше во Скопје на Дионисовите чествувања - Мину Угриновскааи.

Постоеле многу македонски мајстори коишто работеле на изградбата на црквите. Доаѓале и калуѓери од Атос, родени во Македонија, коишто во Романија основале повеќе манастири. Најзначајните манастири биле основани од Никодим од Тисмана, кој инаку бил роден во Прилеп, и тие низ историјата биле центри на отпорот спрема турското ропство. Тој ги изградил околу 1300 година и во нив официјален црковен јазик бил старословенскиот, а писмото кириличко.

- Најважна задача на нашето Друштво е да го зачуваме нашиот македонски идентитет, нашиот македонски јазик. Нашите постари баби и дедовци говореле на архаичен јазик, на јазикот што го зборувале нивните предци во родните места пред двесте години. До пред 60 години Македонците склучувале бракови исклучиво меѓу себе, со што најдобро се зачувувале јазикот и традицијата. И ден денес се паметат некои изреки од порано. Обично кога жените ќе се изнервирале тогаш велеле: да ти се невиди коренот охридски. До 1940 година се случувало луѓето во селата да не знаат романски јазик, да зборуваат само македонски, бидејќи биле само Македонци, особено жените, кои преку цел ден биле дома. Во последните 60-ти години имаше многу бракови романско-македонски. Некои постари луѓе сѐ уште го зборуваат тој јазик, но нив ги има сѐ помалку. Ние формиравме две дирекции: за зачувување на стариот македонски јазик, нешто што има научно значење за добивање на единствениот карактер на македонскиот јазик и дирекција за изучување на литературниот македонски јазик од страна на младите. Со тоа најдобро ќе го зачуваме

să explicăm oamenilor ce anume sunt ei cu adevărat, spune Liana Dumitescu.

Strămoşii săi provin din regiunea Ohrid, dar ea nu ştie precis din care loc. Despre numele său românesc de Liana, ea spune că este analogul numelui macedonean de Biliana. Prenumele său este transcrierea în limba română a numelui unuia dintre strămoşii săi. Când străbunicul său Dimitar a venit în România nu avea prenume, iar Dumitrescu a însemnat în esenţă fiul lui Dimitar. Aceasta era terminologia pe care o foloseau autorităţile în Valahia, care astăzi se numeşte România, când îi înregistrau pe nou veniţii macedoneni. Macedonenii care au venit ca să muncească în Valahia au sosit în special în jurul anului 1800, dar există şi macedoneni care au sosit aici mult mai devreme. Conform celor spuse de Liana Dumitrescu există documente care atestă că aceştia au sosit în Valahia încă din secolul al 14 - lea. Un astfel de document care datează din preajma anului 1320 şi care se găseşte în arhivele Vaticanului cel mai bine atestă acest lucru. În România şi în în ziua de astăzi există un sat cu numele de Macedonia pe care l-au întemeiat macedonenii.

Liana Dumitrescu mai povesteşte că majoritatea etnicilor macedoneni din România provin din aceste vechi familii care au venit în România să muncească, dar că există şi refugiaţi din partea Egeică a Macedoniei sosiţi după cel de al doilea Război Mondial. Dar, toţi aceştia nu au fost incluşi în ampla acţiune de conştientizare a identităţii lor macedonene. "Aceşti oameni au trecut prin multe războaie, au fost sub multe autorităţi, au fost în închisorile comuniste, şi acum spun că sunt români şi că nu este nevoie să-şi aducă aminte ce anume au fost în trecut. Aceasta este un fel de protecţie a acestor oameni în raport cu propria viaţă. Aceştia încă mai simt frica faţă de regimul comunist, spune Liana Dumitrescu.

Liana Dumitrescu povesteşte cum macedonenii care au venit ca să muncească în România, s-au aşezat în special în sudul ţării şi s-au grupat în sate, dar în timpul regimului comunist au fost mutaţi în toată ţara. Politica comuniştilor era să dărâme satele pentru a forma oraşe puternice din punct de vedere economic. Ca şi alţi cetăţeni, şi macedonenii au părăsit zonele rurale şi au plecat spre marile centre industrializate. Liana Dumitrescu consideră că aceasta a constituit principala cauză a pierderii limbii macedonene. "Înainte în familii se vorbea numai limba macedoneană, dar după strămutarea familiilor macedonene în oraşe, unde erau amestecaţi cu cei care veneau din mai multe sate, copii lor nu mai învăţau altă limbă în afara limbii române. Limba cel mai mult s-a pierdut în anii 70 şi 80 ai secolului trecut, spune această tânără macedoneancă, care nu demult a participat la Skopje la festivalul "Dionisovi cestvuvania - Minu Ugrinovscaia".

Au existat mulţi meşteri macedoneni care au lucrat la clădirea de biserici. Au venit şi călugări de la Muntele Athos, născuţi în Macedonia, care în România au întemeiat mai multe mânăstiri. Cele mai importante mânăstiri au fost întemeiate de Nicodim de la Tismana, care de altfel s-a născut la Prilep, şi ele au constituit de-a lungul istoriei centre ale rezistenţei împotriva jugului otoman. Acesta le-a clădit în jurul anului 1300, în ele limba oficială fiind salvona veche, iar scrierea chirilică.

"Cea mai importantă sarcină a asociaţiei noastre este păstrarea identităţii noastre macedoneane şi a limbi noastre macedonene. Bunicile şi bunicii noştri mai în vârstă vorbeau o limbă arhaică, o limbă pe care o vorbeau înaintaşii lor în locurile lor de baştină în urmă cu două sute de ani. Până acum 60 de ani macedonenii încheiau căsătorii numai în interiorul etniei, realizând astfel păstrarea limbii şi a tradiţiilor. Şi în zilele noastre s-au mai păstrat expresii din trecut. De obicei când femeile se enervau ele spuneau : Fi-ţi-ar neamul de la Ohrida." Până în anul 1940 se întâmpla ca lumea de la sate să nu ştie limba română, să vorbească numai limba macedoneană, fiindcă erau numai macedoneni, şi în special femeile care întreaga zi stăteau acasă. În ultimii 60 de ani s-au realizat multe căsătorii între români şi macedoneni. Unii oameni dintre cei mai în vârstă încă mai vorbesc acea limbă, dar ei sunt pe zi ce trece tot mai puţini. În cadrul activităţii noastre urmărim două direcţii: una pentru păstrarea limbii vechi macedonene, ceea ce prezintă interes ştiinţific pentru dobândirea caracterului unic al limbii macedonene şi cea dea a doua de învăţare de către tineri a limbii

националниот идентитет, културата и традицијата. Затоа и почнавме повеќе контакти со македонските официјални власти да можеме да организираме училишта за македонски јазик. Моментално се одржувaат само викенд-часови во саботите и неделите, бидејќи финансиските можности ни се многу лимитиранииии, објаснува Думитреску.

Во романската култура имало многу значајни личности кои имале македонско потекло, но некои од нив тешко можеле да се идентифицираат, бидејќи сите имале романски имиња. „Сакам да посочам две големи македонски имиња. Едното е на веќе спомнатиот Никодим од Тисмана, кој од Романската црква е прогласен за светец, а второто е Александар Македонски, еден од најголемите поети во Романијааи, вели Думитреску. Истовремено, таа додава дека за да се дознае сета вистина за Македонците во Романија мора да се истражува по архивите, подвлекувајќи притоа дека таму живеела и богатото и многу познато македонско семејство Белу, чие презиме Ј го дале Романците.

- Во Романија ние ги имаме сите права на малцинство. Не постои никаква разлика меѓу нас и некои други малцинство кои се помногубројни. Ги имаме истите права како и Унгарците кои се седум отсто од целокупното население, како и Србите и Украинците, кои се помногубројни од нас, вели Думитреску, која подвлекува дека имаат многу добро соработка со македонската амбасада чии врати секогаш им се отворени кога имаат некаков проблем. „За сѝ што сакаме да направиме, ја имаме поддршката на амбасадорот Тихомир Илиевски. Кога сакавме да организираме курсеви за деца за изучување на македонскиот јазик, тие ни помогнаа, а во Охрид лани за наши деца организиравме летна школа на македонски јазикки, вели Лиана Думитреску.

Виктор Цветановски

macedonenne literare. Astfel o să păstrăm cel mai bine identitatea etnică, cultura şi tradiţia. Pentru aceasta am început să contactăm autorităţi oficiale din Macedonia în vederea organizării de şcoli (învăţământului) în limba macedoneană. În momentul de faţă în România există numai cursuri de week-end în limba macedoneană care au loc sâmbăta şi duminica, având în vedere posibilităţile financiare care sunt limitate, a mai explicat Liana Dumitrescu.

În cultura românească au existat multe personalităţi importante care au avut origine macedoneană, dar unele dintre ele cu greu au putut să se identifice pentru că toţi au avut nume româneşti. “Doresc să semnalez aici două mari personalităţi din România cu origini macedonene. Una ar fi deja pomenitul Nicodim de la Tismana, care a fost sanctificat de către Biserica Ortodoxă Română şi a doua ar fi Alexandru Macedonski, unul dintre cei mai mari poeţi din România”, spune Liana Dumitrescu. În acelaşi timp ea mai adaugă că pentru a se cunoaşte tot adevărul despre macedonenii din România trebuie să se cerceteze arhivele, subliniind în plus că în România a trăit mult cunoscuta şi foarte bogata familie cu origini macedonene, Bellu, a cărui nume a fost dat de către români.

În România noi ne bucurăm de toate drepturile acordate minorităţilor. Nu există nici o diferenţă între noi şi vreo altă minoritate care este mai numeroasă. Avem aceleaşi drepturi ca şi maghiarii care reprezintă 7% din populaţia ţării dar şi ca sârbii şi ucraenienii care sunt mai numeroşi decât noi, mai spune Liana Dumitrescu care subliniază că este foarte bună colaborarea cu ambasada macedoneană de la Bucureşti, a căror uşi sunt întodeauna deschise atunci când există vreo problemă. “Pentru tot ceea ce am dorit să înfăptuim, ne-am bucurat de suportul ambasadorului Tihomir Ilievski. Când am dorit să organizăm cursuri pentru învăţarea limbii macedonene pentru copii, acesta ne-a ajutat, şi la Ohrid anul trecut am organizat pentru copii noştri o şcoală de vară”, spune Liana Dumitrescu.

Victor Ţvetanovski

# НОСИТЕЛИ НА ФАКЕЛОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ДУХ

Културниот центар “Скрб и утеха“ ја започна активноста преку создавањето на театарот “Скрб и утеха“ во 1988. До овој момент овој театар претстави преку 20 премиери кои во голем дел се базираат на драматични македонски дела.

По десет години (1998) му се придружи издавачката кука “Лицеум“ која во помалку од седум години издаде 15 книги. Културниот центар “Скрб и утеха“ не би бил комплетен без филмско кинематографската издавачка кука “Дион“. Ова во соработка на Македонската Телевизија има 4 продукции кои веке учествуваа на многу интернационални фестивали од: Полска, Чехословачка, Грција, Турција, Србија и Црна Гора, Шпанија, Индија и Хрватска каде што примија бројни премии.

Уште од формирањето, Културниот Центар “Скрб и утеха“ одржува еден амбициозен проект наречен “Дионисови чествувања“ – се знае дека Дионис е заштитник на театарот, на веселите средби, на средбите со високо интелектуално ниво, културни манифестации кои ги собираат, веке 15 години, сите, зачувувачи на македонската култура. Настанот ги собира на едно место секогаш етничките македонци од Бугарија, Албанија, Грција, Србија и Црна Гора но и македонците кои сега живеат во Канада и Германија.

Веке 15 години пред публиката во Скопје, македонците од сите страни на светот доаѓаат и си го претставуваат фолклорното наследство, етнографското, музичкото, јазичното и литерарното. Петнаесетина години се гради културниот мост помеѓу Македонија и македонските заедници кои опстојуваат надвор од нејзините граници. 15 години пламенот на македонскиот дух( било каде во светот да се наога тој) е одржуван во живот од оваа манифестација.

Имињата на оние кои секоја година се наоѓаат во срцевината но и на сцената на прекрасниот настан за духот, срцето и македонската култура се Тихомир Стојановски, Игор Стојановски и Владо Денчов. Ним треба да им благодариме за фактот што духот на македонштината е жив и ке живее уште долги, долги години.

Лаура Рогобете

# CEI CARE ŢIN VIE FLACĂRA SPIRITULUI MACEDONEAN

Centrul cultural “Skrb i Uteha” şi-a început activitatea cu înfiinţarea teatrului “Skrb i Uteha” în anul 1988. Până în acest moment acest teatru a prezentat 20 de premiere care în cea mai mare parte se bazează pe opere dramatice macedonene.

Peste zece ani (1998) teatrului i s-a alăturat editura “Liţeum” care în mai puţin de şapte ani a editat 15 titluri de cărţi. Centrul cultural “Skrb i Uteha” nu ar fi fost complet fără casa de producţie cinematogarfică şi film “Dion”. Aceasta în colaborare cu Televiziunea Macedoneană are 4 producţii care au participat deja la mai multe festivaluri internaţionale din: Polonia, Cehoslovacia, Grecia, Turcia, Serbia şi Munte Negru, Spania, India şi Croaţia unde au primit numeroase premii.

Încă de la înfiinţarea sa, Centrul Cultural “Skrb i Uteha” desfăşoară un proiect ambiţios numit “Dionisovi Cestvuvania” - se ştie că Dionis este patronul teatrului, al întâlnirilor vesele, al întâlnirilor cu înalt caracter intelectual – manifestare culturală care aduce laolaltă, de iată aproape 15 ani, pe toţi păstrătorii de cultură macedoneană. Evenimentul strânge laolaltă de fiecare dată pe etnicii macedoneni din Bulgaria, Albania, Grecia, Serbia şi Munte Negru dar şi pe macedonenii care trăiesc acum în Canada şi Germania.

De 15 ani în faţa publicului din Skopje, macedoneni de pretutindeni vin şi-şi prezintă moştenirea folclorică, etnografică, muzicală, lingvistică şi literară. De 15 ani, se clădesc punţi de cultură între Macedonia şi comunităţile de macedoneni care trăiesc în afara graniţelor sale. De 15 ani flacăra spiritului macedonean (oriunde s-ar afla ea în lume) este ţinută vie de către această manifestare.

Numele acelora care se află în fiecare an în culisele dar şi pe scena minunatului eveniment de spirit, inimă şi cultură macedoneană sunt Tihomir Stojanovski, Igor Stojanovski şi Vlado Denciov. Lor trebuie să le mulţumim pentru faptul spiritul macedonean este viu şi va dăinui mult timp de acum înainte.

Laura Rogobete

***Одекот за посетата на Лиана Думитреску, претеник од страна на ДМР, во Република Македонија беше почувствуван и во македонската масс медиа чии претставници буквално ја нападнаа. Ви претставуваме во продолжение артикол излезен во неделното списание "Македонско Сонце", артикол кој како основа го има интервиуто дадено на журналистката Жаклина Митевска.***

# МАКЕДОНЦИ НА БАЛКАНОТ ПРИЗНАТИ СО ТОЛЕРАНЦИЈА, ЖИВЕЕМЕ ВО ХАРМОНИЈА!

**"Владата на Романија нема дискриминаторски однос кон македонското малцинство. Системот е подеднакво ист кон сите малцинства. Кога ќе бидеш признат како малцинство и кога ќе бидеш дел од Советот на националните малцинства ги добиваш сите права, кои му следуваат на едно малцинство", вели Лиана Думитреску.**

**"Вистина е дека Романија ја изрази својата отвореност да ни помогне, но треба да се разбере дека, пред сè, таа води грижа за Романците. Тоа е нормална работа. Тие се сосема подготвени да ни помогнат да се организираме како што сакаме, но не можат да ни бидат ниту мајка, ниту татко", објаснува Думитреску.**

**"Законот во Романија нè признава и ни ги признава изборните права. Можеме да кажеме дека ги имаме сите права на една партија, но ги немаме нејзините обврски, затоа што партија означува дека сè што правиш е од политички карактер. Нашето Друштво, пред сè, има културен карактер, нашите изборни права се права поврзани со малцинствата. Сите малцинства во Романија, значи и Македонците, преферираат да бидат претставувани од страна на друштвата, затоа што тие го избираат она што е подобро од двете, тоа што е добро од партијата и од организацијата", објаснува Лиана Думитреску.**

Македонците во Романија се официјално признати како малцинство и се дел од сите владејачки и парламентарни структури во оваа држава. Всушност, за нив особено беше блескав почетокот на декември 2004 година, кога Друштвото на Македонците од Романија, по пребројувањето на важечките ливчиња од изборите на 28 ноември 2004 година, собра 9.750 гласови и на тој начин ја доби можноста да биде претставувано во Парламентот на Романија, од Лиана Думитреску, која е и потпретседател на Друштвото.

Думитреску објаснува дека во Парламентот на оваа држава секое малцинство има свој претставник, кој всушност е дел од парламентарната група на националните малцинства. Исто така, во Романија постои Совет на националните малцинства, со чие формирање се отвори нова страница во историјата на малцинствата од оваа држава. Преку начинот на функционирањето, преку добрата соработка со институциите на романската држава, овој Совет претставува модел, кој може да биде пренесен и во други земји, а тоа е моделот на разбирањето, на толеранцијата, на мудроста и на умеењето. Советот го претставува гласот на 19 етнички припадности - членки на романското општество.

"Не е едноставно - ќе рече Думитреску во



De la stânga la dreapta : Vasil Stoicev (Bulgaria), Liana Dumitrescu, Jaklina Mitevska

Од лево на десно : Васил Стоичев (Бугарија), Лиана Думитреску, Заклина Митевска

***Răsunetul vizitei Lianei Dumitrescu, deputat din partea AMR, în Republica Macedonia a fost resimţit şi în mass media macedoneană ai cărei reprezentanţi au asaltat-o la propriu. Vă prezentăm în continuare articolul apărut în publicaţia săptămânală "Makedonsko Sonţe - Soare Macedonean", articol care are la bază interviul acordat jurnalistei Jaklina Mitevska.***

# MACEDONENII ÎN BALCAN RECUNOSCUŢI CU TOLERANŢĂ TRĂIM ÎN ARMONIE !

**"Guvernul României nu are o relaţie discriminatoire cu minoritatea macedoneană. Sistemul este acelaşi pentru toate minorităţile. Din momentul în care vei fi recunoscut ca minoritate şi vei deveni membru al Consiliului Minorităţilor Naţionale, dobândeşti toate drepturile care decurg din calitatea de minoritate", spune Liana Dumitrescu.**

**"Adevărul este că România şi-a manifestat dorinţa de a ne ajuta, dar trebuie să se înţeleagă că, înainte de toate, ea are grijă de români. Acesta este un lucru normal. Guvernul este întru-totul gata să ne ajute, dar el nu ne poate fi nici mamă şi nici tată", explică Liana Dumitrescu.**

**"Legea în România ne recunoaşte existenţa şi ne recunoaşte drepturile electorale. Putem să spunem că ne bucurăm de toate drepturile de care se bucură un partid, fără a avea obligaţiile sale, pentru că tot ceea ce face un partid are caracter politic. Asociaţia noastră, înainte de toate, are un caracter cultural, iar drepturile noastre electorale sunt drepturi legate de minoritate. Toate minorităţile din România, se înţelege că printre ele şi cea macedoneană, preferă să fie reprezentate de către asociaţii, ele alegând astfel ceea ce este mai bun din cele două (forme de organizare), adică ceea ce este bun şi din partid şi din organizaţie", explică Liana Dumitrescu.**

Macedonenii din România sunt oficial recunoscuţi ca minoritate şi fac parte din toate structurile de guvernare şi parlamentare din această ţară. În esenţă, pentru ei un important moment l-a constituit începutul lui decembrie 2004, când după numărătoarea voturilor valabil exprimate la alegerile din 28 noiembrie 2004, a adunat 9.750 de voturi şi astfel a dobândit posibilitatea să fie reprezentaţi în Parlamentul României de către Liana Dumitrescu, care este de asemenea şi vicepreşedintele Asociaţiei Macedonenilor din România.

Liana Dumitresci explică că în Parlamentul acestei ţări, fiecare minoritate are reprezentantul ei, care de fapt face parte din Grupul Parlamentar al Minorităţilor Naţionale. Deasemenea, în România există Consiliul Minorităţilor Naţionale, cu a cărui formare s-a deschis o nouă pagină în istoria minorităţilor în această ţară. Prin metoda de finanţare, prin buna colaborare cu instituţiile statului român, acest consiliu reprezintă un model, care ar putea să fie preluat şi de alte ţări, acest model fiind un model al înţelegerii, toleranţei, înţelepciunii şi cunoaşterii. Consiliul Minorităţilor Naţionale reprezintă vocea celor 19 gupuri etnice - membre ale societăţii româneşti.

'Македонецот', весникот на Друштвото на Македонците од Романија, кој излегува двојазично, на романски и на македонски јазик - толку различни малцинства да комуницираат заедно, да донесуваат заеднички одлуки. Советот на национални малцинства покажа дека оваа работа е можна, дека е неопходна и претставува единствен пат за да може да се живее во хармонија".

"Владата на Романија нема дискриминаторски однос кон македонското малцинство. Системот е подеднакво ист кон сите. Кога ќе бидеш признат како малцинство и кога ќе бидеш дел од Советот на националните малцинства ги добиваш сите права на едно малцинство. Изборни права, финансиски права, кои помагаат да се издаваат книги, да може да се организираат фестивали. Нормално дека постои разлика, многу поголемите малцинства имаат поголема сума пари, затоа што има малцинства кои имаат и повеќе од еден милион луѓе. Официјално, во пописот се изјаснети 695 Македонци, а од познати мотиви многу Македонци не се декларирани како такви. Реално сметаме дека има околу 15.000 Македонци. Но, со текот на времето бројот на членови на нашето Друштво се зголеми. Во овој момент имаме повеќе од 1.400 членови, тоа значи дека сме помногубројни од наведеното во пописот", вели Думитреску.

Законот во Романија не забранува малцинствата да формираат политичка партија, но никој не го прави тоа. Во оваа држава живеат околу 20 малцинства: Ерменци, Албанци, Унгарци, Чеси и Словаци, Евреи, Хрвати, Италијанци, Грци, Руси, Русени, Срби, Украинци, Рутени, Турци, Татари итн.

"Законот во Романија нè признава и ни ги признава изборните права. Можеме да кажеме дека ги имаме сите права на една партија, но ги немаме обврските на партија, затоа што нејзиното постоење значи дека сè што правиш е од политички карактер. Нашето Друштво, пред сè, има културен карактер, нашите изборни права се права поврзани со малцинствата. До денес, сите малцинства, значи и Македонците во Романија, преферираат да бидат претставувани од страна на Друштвата, затоа што тие го избираат она што е подобро од двете, тоа што е добро од партијата и од организацијата", објаснува Думитреску.

**ИДЕНТИТЕТ**

Активностите на Друштвото на Македонците од Романија се јавно претставување на правата и на интересите на Македонците, а потоа значајно е етничкото претставување и зачувувањето на етничкиот идентитет и културата, зачувувањето на етнографијата и на македонската духовност. На ова поле голем е придонесот што Лиана како Македонка го дава во романскиот Парламент.

"Јас - додава Думитреску - сум основач на Друштвото на Македонците од Романија. Кога тоа се формираше, не бев пратеник и ние не бевме признати како малцинство. Јавното признавање е потег кој го направи романската држава. Нормално дека сега како пратеник имам голема одговорност. Свесна сум за оваа работа, за одговорностите кои ги имам кога тргнав на овој пат, затоа што почнавме со многу мал број луѓе, преземајќи големи напори и ризици. Кога го формиравме Друштвото не знаевме што ќе се случи. Дали ќе нè признаат, дали ќе нè прифатат? Нормално работите се средија. Тоа беше добро за нас и на наша голема радост. Но, никој не можеше да ја знае оваа работа, особено затоа што и тука имаше балканска ситуација. Друштвото е регистрирано во 2000




“Nu este simplu - a spus Liana Dumitrescu în publicaţia Macedoneanul - organ de presă al Asociaţiei Macedonenilor din România, bilingv, în limba română şi limba macedoneană - ca minorităţi atât de diferite să comunice împreună, să ia împreună decizii comune. Consiliul Minorităţilor Naţionale a dovedit că acest lucru este posibil, este necesar şi reprezintă un drum de urmat pentru a se putea trăi în armonie.”

“Guvernul României nu are o relaţie discriminatoire cu minoritatea macedoneană. Sistemul este acelaşi pentru toate minorităţile. Din momentul în care vei fi recunoscut ca minoritate şi vei deveni membru al Consiliului Minorităţilor Naţionale, dobândeşti toate drepturile care decurg din calitatea de minoritate: drepturile electorale, drepturile financiare, care ne ajută să publicăm cărţi, să organizăm festivale. E normal să existe diferenţe, minorităţile mai numeroase primesc sume mai mari de bani, pentru că trebuie să ştiţi există şi minorităţi care au peste un milion de oameni. Oficial, conform datelor ultimului recensământ sunt declaraţi 695 de macedoneni, dar, din motive cunoscute mulţi macedoneni nu s-au declarat ca atare. În mod real considerăm că sunt aproximativ 15.000 de macedoneni în România. Odată cu scurgerea timpului numărul membrilor Asociaţiei Macedonenilor din România s-a mărit. În acest moment avem mai mult de 1.400 de membrii, ceea ce înseamnă că suntem mai numeroşi decât cifrele exprimate la recensământ”, mai spune Liana Dumitrescu.

Legea în România nu interzice minorităţilor să formeze partide politice, dar nimeni nu face lucrul acesta. În România trăiesc în jur de 20 de minorităţi : armeană, albaneză, ungară, cehă, slovacă, evreiască, croată, italiană, greacă, rusă, ruteană, sârbă, ucraeniană, turcă, tătară, etc.

“Legea în România ne recunoaşte existenţa şi ne recunoaşte drepturile electorale. Putem să spunem că ne bucurăm de toate drepturile de care se bucură un partid, fără a avea obligaţiile sale, pentru că tot ceea ce face un partid are caracter politic. Asociaţia noastră, înainte de toate, are un caracter cultural, iar drepturile noastre electorale sunt drepturi legate de minoritate. Toate minorităţile din România, se înţelege că printre ele şi cea macedoneană, preferă să fie reprezentate de către asociaţii, ele alegând astfel ceea ce este mai bun din cele două (forme de organizare), adică ceea ce este bun şi din partid şi din organizaţie”, explică Liana Dumitrescu.

**IDENTITATEA**

Activităţile Asociaţiei Macedonenilor din România sunt diferite din punctul de vedere al importanţei: în primul rând reprezentarea publică a drepturilor şi intereselor macedonenilor, iar după aceea reprezentarea etnică şi menţinerea identităţii etnice şi culturale, păstrarea elementelor etnografice şi a spiritualităţii macedonene. Ca macedoneancă în Parlamentul României contribuţia Lianei Dumitrescu în aceste domenii este importantă.

“Eu - adaugă Liana Dumitrescu sunt membru fondator al Asociaţiei Macedonenilor din România. Atunci când aceasta s-a format, eu nu eram deputat şi nici noi nu eram recunoscuţi ca minoritate. Recunoaşterea oficială a constituit un pas pe care l-a făcut statul român. Ca deputat, acum, este normal să am o responsabilitate mai mare, sunt conştientă de acest lucru. Am conştientizat responsabilităţile pe care le aveam din momentul în care am pornit pe acest drum, cu un număr mic de oameni, asumându-mi mari eforturi şi riscuri. Când am înfiinţat asociaţia nu ştiam ce se va întâmpla, dacă vom fi acceptaţi, dacă vom fi recunoscuţi. Spre marea noastră bucurie, în final lucrurile s-au aranjat, şi astfel a fost bine pentru noi. Iniţial

година, а официјално како малцинство бевме признати на 1 март 2001 година, преку гласањето во Парламентот. Во декември 2001 година Романија потпиша Договор со Македонија, кој всушност претставува Закон ратификуван од романскиот Парламент, во кој се вели дека ја признава Република Македонија под нејзиното уставно име. Во тој Договор постои дел во кој се вели дека двете држави се задолжени реципрочно да си ги признаат и да им помагаат на малцинствата, односно Романија да ги признае и да ги поддржува Македонците и обратно, Македонија - Романците".

Барањата и очекувањата на Македонците се разновидни, пред сè, тоа се барања кои се поврзани со колективноста.

"За нас - објаснува Думитреску-значаен е Законот за национални малцинства. Тој се етаблира еднаш засекогаш во легислативата на Романија, со права поврзани за малцинствата, кои потоа не може да ги промени ниту една влада. Следуваат правата кои се поврзани со културата, јазикот, фолклорот. Кога станува збор за индивидуалните права, кога било кој човек има проблеми, тогаш нормално му се обраќа на пратеникот кој го познава. Мене ме познаваат Македонците од Романија и ми се обраќаат. Потоа станува збор за проблемите кои се заеднички за севкупната македонска заедница, затоа што тамошните Македонци имаат исти проблеми како и Романците, економски, здравствени итн.

Друштвото на Македонците од Романија има сопствена веб - страница www.macedoneni.ro. Засега таа опфаќа историски елементи за етничките Македонци од Романија наведени само на романски јазик, комплетна листа на активности одржани во 2004 година, информации за ансамблот за ора и за вокално-инструментални групи, кои опстојуваат во Друштвото, како и други активности.

**РАСПРОСТРАНЕТОСТ**

Македонците во Романија се распространети низ целата нејзина територија, иако најмногу се сконцентрирани во Олтенија - Крајова, Урзикуца, Баилешти итн. Во овој момент, во Романија не постојат центри каде што се негува македонската култура, затоа што во оваа држава никогаш не било организирано слично нешто. Постоеле други работи кои требало да ги организираат и немале финансиска и логистичка моќ за да можат да се преокупираат со овие проблеми. Сепак, посетата на Македонија, Думитреску ја искористи за да разговара со претставници од македонското Министерство за надворешни работи, од кои побара помош за организирање курсеви по македонски јазик во Романија.

"Вистина е дека Романија ја изрази својата отвореност да ни помогне, но треба да се разбере дека, пред сè, таа води грижа за Романците. Тоа е нормална работа. Тие сосема се подготвени да ни помогнат да се организираме како што сакаме, но не можат да ни бидат ниту мајка, ниту татко. Затоа очекуваме да ни се помогне од Македонија. Сигурна сум дека можеме да ги направиме овие работи и не треба да дозволиме да помине многу време за тоа да се реализира. Сепак - додава таа - во Романија постои традиција на македонскиот јазик. Во минатиов период постоеја лекторати на македонски јазик. Но, од трите остана само еден, затоа што во Романија не дојдоа лектори за да предаваат македонски јазик. Сега единствен е тој во Крајова. Но, можат да се формираат и други".

